**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**
**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ**

Арх. број 02-389/2
27.04 2022 год.

Врз основа на членот 41 став 1 точка 13 од Статутот на Економскиот институт – Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје („Универзитетски гласник" бр. 447/2019) и врз основа на доставениот Предлог за донесување на Одлука за утврдување на платите и надоместоците на вработените во Економскиот институт – Скопје ( бр.02 – 389/1 од 21.04.2022 година), утврден од Институтската управа на нејзината 52. седница одржана на 21.4.2022 година, Научниот совет на својата 65. седница одржана на 27.4.2022 година донесе

***ОДЛУКА***

*за донесување на Одлука за утврдување на платите и надоместоците на вработените во Економскиот институт - Скопје*

1.Со оваа одлука се донесува Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Економскиот институт – Скопје.

2.Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Економскиот институт – Скопје е составен дел на оваа одлука.

3.Одлуката од точката 1 да се достави до Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, заради понатамошно постапување.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*ДОСТАВЕНО ДО*:
-УКИМ;
-архивата

***ДИРЕКТОР***

*Д-р Зоран Јаневски*

Изготвил:
Лина Георгиевска
Проверил:
Коста Јовчевски

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ И НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ – ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ- СКОПЈЕ

СКОПЈЕ, април 2022 година

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.161/2010 година), Колективниот договор за високото образовние и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2021) и членот 41 став 1 точка 13 од Статутот на Економскиот институт – Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 447/2019), Научниот совет на Економскиот институт на својата ______. седница одржана на ден ________ година, донесе

# *ОДЛУКА*

*за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Економски институт - Скопје.*

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат платите, надоместоците, и додатоците на плата и другите надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Економски институт – Скопје (во натамошниот текст: Институтот).

### Член 2

Вработените во Економскиот институт - Скопје (во натамошниот текст: Институт) имаат право на плата во согласност со закон, колективен договор, Правилникот за единствени основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (во натамошниот текст: Правилник на Универзитетот) и оваа Одлука.

### Член 3

Платата на вработените за работа со полно работно време и нормален работен придонес не може да биде пониска од основната плата и делот од платата за работен стаж, утврдена со оваа Одлука.

На вработените не може да им се исплатува плата пониска од износот утврден од Министерството за образование и наука, според коефициентите на сложеност на работните места утврдени во Колективниот договор за образование и наука (во натамошниот текст: Колективен договор).

## Член 4

Платата на вработените во Институтот се пресметува и се исплатува еднаш месечно, во паричен износ.

Платата, придонесите, персоналниот данок од доход на платите, минатиот труд и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи Институтот ги исплатува од:

- средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија;
- средства стекнати од други извори.

## Член 5

Институтот е должен да води евиденција и пресметка за платата, придонесите, персоналниот данок од доход на платите, минатиот труд и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства, а на вработените да им издаде потврда за исплатената плата или другите надоместоци, како и потврда за исплатените даноци и придонеси.

# II. ПЛАТА

## Член 6

Платата е составена од:

А) Основна компонента на плата, која се состои од:
- основна бруто плата;
- дел од плата за работен стаж

Б) Исклучителна компонента на плата, која се состои од:
- дел од плата за работна успешност;
- додатоци и/или надоместоци.

## II.1. Основна компонента на плата

### Основна бруто плата

## Член 7

За да стекне основна бруто плата, вработениот е должен во текот на 40-часовната работна недела, работните задачи утврдени во обем со прописите кои ја регулираат оваа материја и актот за организација и систематизација на работните места, да ги извршува квалитетно, редовно, навремено и целосно.

## Член 8

Основната бруто плата се утврдува, така што основната вредност на коефициентот се множи со коефициентот на сложеност на работното место на кое работникот е распореден.

Вредноста на коефициентот за пресметување на основната бруто плата се пресметува во согласност со вредноста на коефициентот утврдена во Колективниот договор.

Основната компонента на плата се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука во согласност со Колективниот договор за секое пополнето работно место според правилникот кој се однсува на систематизацијата на работните места во Институтот.

Основната плата се искажува во бодови за секое работно место утврдено со актот за организација и систематизација на работните места во Институтот.

Коефициентот на сложеност на работните места за пресметување на основната бруто плата која се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука започнувајќи со исплатата за месец септември 2021, односно септември 2022 година, се утврдува како што следува:

| Наставен и истражувачки кадар | | Ниво | ЕКТС | Коефициент на сложеност од 01.09.2021 год. | Бодови од 01.09.2021 год. | Коефициент на сложеност од 01.09.2022 год. | Бодови од 01.09.2022 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рб. | Назив на работно место / звање | | | | | | |
| 1 | Редовен професор/научен советник | | | 2,75 | 85,55 | 3,03 | 94,26 |
| 2 | Вонреден професор/виш научен соработник | | | 2,50 | 77,77 | 2,75 | 85,55 |
| 3 | Доцент/научен соработник | | | 2,32 | 72,17 | 2,55 | 79,33 |
| 4 | Асистент (со докторат) | | | 2,32 | 72,17 | 2,55 | 79,33 |
| 5 | Асистент | | | 1,80 | 56,00 | 1,98 | 61,59 |
| 6 | Помлад асистент | | | 1,73 | 56,00 | 1,90 | 59,11 |
| ставен и неистражувачки кадар - стручна и административна с | | | | | | | |
| Рб. | Назив на работно место / звање | | | | | | |
| 1 | Секретар на Институт | А02 | 300 или 240 | 1,86 | 57,86 | 2,15 | 66,88 |
| 2 | Раководител на сектор | Б01 | 240 | 1,78 | 55,37 | 2,00 | 62,22 |
| 3 | Раководител на одделение | Б04 | 240 | 1,63 | 50,71 | 1,70 | 52,88 |
| 4 | Советник | В01 | 240 | 1,62 | 50,40 | 1,68 | 52,26 |
| 5 | Виш соработник | В02 | 180 | 1,61 | 50,08 | 1,63 | 50,71 |
| 6 | Соработник | В03 | 180 | 1,60 | 49,77 | 1,62 | 50,40 |
| 7 | Помлад соработник | В04 | 180 | 1,59 | 49,46 | 1,61 | 50,08 |
| 8 | Самостоен референт | Г01 | СС или виша | 1,13 | 35,15 | 1,18 | 36,71 |
| 9 | Виш референт | Г02 | СС или виша | 1,12 | 34,84 | 1,17 | 36,40 |
| 10 | Референт | Г03 | СС или виша | 1,11 | 34,53 | 1,16 | 36,09 |
| 11 | Помлад референт | Г04 | СС или виша | 1,10 | 34,22 | 1,15 | 35,77 |
| 12 | Помошно-технички лица за кои е потребен ССС (портир, хаусмајстор, домар, економ, возач, техничар, лаборант и др.помошно- технички кадар) | | | 1,05 | 32,66 | 1,10 | 34,22 |
| 13 | Помошно-технички со потребеннајнизок степен на образование - ОО (хигиеничар, чувар, градинар и др. општи работници) | | | 1,00 | 31,11 | 1,05 | 32,66 |

## Член 9

Институтот има право од сопствени приходи да исплаќа повисока основна компонента на плата од онаа утврдена со овој Колективен договор.

## Мерила и критериуми за остварување на основна бруто плата

### Член 10

Полното работно време за истражувачки активности на лицата избрани во наставно – научни звања се распоредува на:

- работни часови за вршење научно – истражувачка дејност;
- работни часови за научно и стручно усовршување;
- работни часови за наставни активности;
- учество во работата и управувањето на Институтот (Научен совет, Институтска управа, Наставно - научен колегиум, совет на трет циклус на студии и сл.) и
- други активности поврзани со истражувачкиот и наставно – образовниот процес.

Нормативот за наставни активности, изразен во часови го утврдува Институтот во рамките на 40 часовна работна недела, во согласност со сопствените специфичности на научно – истажувачкиот и наставниот процес.

### Член 11

Работното време на работниците од редот на стручниот и административниот кадар се остварува во петдневна работна недела.

По искучок, работното време на работниците од редот на помошно – техничкот персонал може да се уреди со одлука на Институтот и договорот за вработување.

### Вредност на бодот за плата

### Член 12

Вредноста на бодот за основната бруто плата ја утврдува директорот, со посебна одлука, во согласност со утврдената вредност на коефициентот за пресметка на плата на вработените од Колективниот договор.

### Дел од плата за работен стаж

### Член 13

Делот од плата за работниот стаж за работникот се вреднува во износ од 0,5 % од основната бруто плата, за секоја навршена година, а најмногу до 20 %.

## II.2. Исклучителна компонента на плата

### Дел од плата за работна успешност

### Член 14

Основната бруто плата на работникот по основ на работна успешност и покажани резултати во текот на месецот, може да се зголеми до 30%.

Висината на средствата за делот од платата за работна успешност се исплатува од сопствени приходи.

Делот од плата за работна успешност се утврдува во зависност од следните критериуми:

- вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот;
- зголемен обем на работа;
- предвремено и квалитетно извршување на работите.

**Член 15**

Работната успешност на лицата избрани во научни и наставно-научни и соработнички звања (наставен кадар) ја следат раководителите на одделенијата.

Работната успешост на вработените во Стручната и административна служба (ненанставен кадар) ја следи секретарот на Институтот.

Раководител на одделенијата и секретарот на Институтот изготвуваат извештај за вработените избрани во наставно-научни и соработнички звања, односно за вработените во Стручната и административна служба кои оствариле работна успешност.

Решение за исплата и за висината на делот од плата за работна успешност донесува директорот.

Извештајот и решението се изготвува по завршување на месецот во кој се извршени работите.

**Додатоци и надоместоци на плата**

**Член 16**

За извршување на раководни функции во Институтот се исплатува додаток на основната нето плата (функционален додаток).

Функционалниот додаток се исплатува на директорот на Институтот, замениците – директори и раководителите на одделенијата.

Функционалниот додаток се пресметува и исплатува месечно врз основа на доделени средства од Министерството за образование и наука, во износ од две бруто плати на редовен професор.

Средствата за функционален додаток се распределуваат на раководните работници во Институтот според проценти во однос на една бруто плата на редовен професор што се исплаќа во моментот од Министерството за образование и наука, односно за:

-директор на Институт..........................до 50%;
-заменици – директори.........................до 38%;
-раководители на одделенија ............. до 25%.

**Член 17**

На надоместоците за службено патување како и за прекувремена и ноќна работа и изложеност на ризик соодветно се применуваат од Колективниот договор за високо образование и наука.

### Други надоместоци и примања

### Член 18

Вработените имаат право и на други надоместоци и примања и тоа за:

- одвоен живот од семејството;
- годишен одмор (регрес);
- јубилејни награди;
- отпремнина за заминување во пензија.

Средствата од ставот 1 алинеи 1, 2 и 3 се обезбедуваат од сопствени средства на Институтот, додека средствата од став 1 алинеа 4 се обезбедуваат од основниот буџет на Министерството за образование и наука.

Средствата од ставот 1 на овој член се исплаќаат на начин утврден со Колективниот договор.

### Член 19

Во случај на смрт на работник, на неговото семејство му припаѓа парична помош.

На работникот му се исплатува парична помош и тоа:

- во случај на смрт на член на неговото потесно семејство (сопруг-а, вонбрачен партнер-ка, родител или дете);
- за непрекинато боледување подолго од шест месеци.

На работникот му се исплатува парична помош од став (1) и став(2)на овој член во висина утврдена во Закон за извршување на буџет.

На работникот му се исплатува парична помош во висина од една основица во случај на потешки последици од елементарни непогоди, согласно Закон за заштита и спасување.

Паричната помош од ставот 2 алинеја 1 на овој член, на работникот му следува за смрт на секој член од неговото потесно семејство во текот на една календарска година.

Паричната помош на работникот му се исплаќа еднократно.

Средствата за исплата на парична помош се обезбедуваат од основниот буџет на Министерството за образование и наука.

## III. ДОПОЛНИТЕЛНИ НАДОМЕСТОЦИ ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА

### III.1. Надоместоци на наставниот кадар

### Член 20

На наставниот кадар во Институтот му се исплатува надомест за вршење на работи и работни задачи кои не се опфатени во членот 10 од оваа одлука и тоа за:

- извршување на работа за реализација на студии од втор циклус;
- извршување на работи за реализација на активности на трет циклус на студии;
- учество во рецензентска комисија за избор во звање;
- издавачка дејност;

- учество во работа на комисии, работни и стручни тела, работни групи и сл.;
- активности за реализација на курсеви, семинари, симпозиуми, програми за стручно и професионално усовршување и сл.;
- научноистражувачки проекти кои се финансирани од Министерството за образование и наука и/или од други буџетски корисници;
- научноистражувачки проекти кои не се финансирани од Министерството за образование и наука и/или од други буџетски корисници;
- реализација на применувачка дејност (проекти, проценки, вештачења и друго);
- настава на нематични факултети и институти;
- настава на други универзитети и факултети.

### *Надоместоци за извршување работи за реализација на студии од втор и трет циклус*

**Член 21**

За учество, организирање и реализација на студии од трет циклус студии надоместоци се исплаќаат на наставниот кадар, во согласност со актите на универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Универзитет) и советот на соодветната студиска програма за трет циклус на студии.

**Член 22**

За учество во организирање и реализирање на втор циклус студии, на наставниот кадар се исплаќаат надоместоци за следниве активности:

- за раководење на студиска програма од втор циклус студии;
- за учество на наставниците на втор циклус на студии што вклучува час предавања, вклучително и испити и семинарски работи;
- за вршење на работа секретар на магистерски студии;
- за менторство на магистерски труд;
- за учество во комисија за оцена и одбрана на магистерски труд;

За учество, организирање и реализација на студии од втор циклус надомест изразен во бодови се исплаќа на наставниот кадар врз основа на одлука за донесување на пресметка за распределба на средства која ја донесува Научниот совет на Институтот, на предлог на Институтската управа.

### *Надоместоци за учество во рецензентски комисии за избор во звање и за издавачка дејност*

**Член 23**

За учество во рецензентска комисија за избор во научно/наставно - научно звање, на член на рецензентска комисија му се исплаќа надомест за извршена работа во висина до 3,4 бода.

На членови на уредувачки одбор и технички уредници на списание

кое го издава Институтот им се исплаќа надоместок за извршена работа, и тоа:

- на главен уредник на списание – до 4,28 бода;
- на член на уредувачки одбор – до 3,57 бода;
- на технички уредник – до 3,57 бода.

На рецензент вклучен во издавачаката дејност му се исплаќа надомест за извршена работа, и тоа:

-на рецензент на научен и стручен труд во списание кое го издава Институтот – до 3,4 бода;

- на рецензент на научна книга, монографија, учебник, учебно помагало и сл. финиансирани од Институот и/или УКИМ, во печатена или електронска форма – до 8 бода.

- на рецензент на научна книга, монографија, учебник, учебно помагало и сл. финиансирани од други извори, во печатена или електронска форма – до 22 бода.

***Надоместоци за вршење работи на научноистражувачки проекти***

**Член 24**

Приходите остварени по основ на вршење работи на научно истражувачки проекти што се финансирани од Министерството за образование и наука и/или од други буџетски корисници како и оние што не се финансирани од Министерството за образование и наука и/или од други буџетски корисници, се распределуваат со посебна одлука од директорот на Институтот, по предлог на раководителот на проектот и во согласност со финансискиот план на проектот.

Од приходот што Институтот го остварува од вршење на научно-истражувачки проекти, 15% се издвојува за Институтот, до 5% за Универзитетот, во согласност со Правилникот за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на Универзитетот, а остатокот се распределува во согласност со финансискиот план на проектот.

Обврската за издвојување на 15%, односно до 5% од ставот 2 на овој член не се однесува на научноистражувачките проекти кои се финансирани од средства на Универзитетот или од сопствени средства на Институтот.

Решение за учество на лицата во извршување на работите од став 1 на овој член донесува директорот, по предлог на раководителот на проектот.

***Надоместоци за вршење работи на применувачки проекти***

**Член 25**

Приходите остварени по основ на вршење работи на применувачки проекти се распределуваат со посебна одлука од директорот на Институтот, по предлог на раководителот на проектот и согласно финансискиот план на проектот.

Од приходот што Институтот го остварува од вршење на применувачка високостручна дејност, 15% се издвојува за Институтот, до 5% за Универзитетот во согласност со Правилникот за финансиските и

материјалните прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на Универзитетот, а остатокот се распределува во согласност со финансискиот план на проектот.

Приходите од овој член се пресметуваат на износот на приходот без данок на додадена вредност.

Решение за учество на лицата во извршување на активностите од став 1 на овој член донесува директорот, по предлог на раководителот на проектот.

***Надоместоци за вршење активности за реализација на семинари, симпозиуми, програми за стручно и професионално усовршување и сл.***

**Член 26**

Приходите остварени по основ на вршење активности во реализација на специјализации, семинари, симпозиуми, програми за стручно и професионално усовршување (во рамките на концептот за доживотно учење) и сл., се распределуваат со посебна одлука од директорот на Институтот, по предлог на раководителот на проектот и во согласност со финансискиот план на проектот.

Од приходот што Институтот го остварува од вршење применувачка високостручна дејност, 15% се издвојува за Институтот, до 5% за Универзитетот во согласност со Правилникот за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на Универзитетот, а остатокот се распределува во согласност со финансискиот план на проектот.

Решение за учество на лицата во извршување на активностите од став 1 на овој член донесува директорот на Институтот, по предлог на раководителот на проектот.

***Надоместоци за вршење активности за реализација на курсеви***

**Член 27**

Приходите остварени по основ на вршење активности за реализација на курсеви за кои Институтот објавува соодветен оглас, односно по пат на пријавување од страна на заинтересирани лица, се распределуваат во соодност од 55% за Институтот и 45% за предавачот, односно предавачаите.

***Надоместоци за учество во работа на комисии, работни и стручни тела, работни групи и сл.***

**Член 28**

На членови на комисија, работна група, тело и сл. задолжени од Научниот совет, Институтската управа или директорот, за изготвување на нормативни акти, експертски анализи, стручни материјали и сл. како и за други активности, им се исплаќа надомест во зависност од обемот и степенот на сложеност на работните задачи.

Членови на комисија, работна група, тело и сл. можат да бидат

лица вработени како наставен, односно ненаставен кадар, како и надворешни лица.

Обемот и степенот на сложеност се утврдуваат од органот кој ја дал задачата при формирање на комисија, работна група, тело и сл. и во зависност од обемот и сложеност, се исплаќа надоместок во висина:

- за стручно–аналитички работи (студиски програми, самоевалуација, стратегии, програми, нормативни акти и сл.)........................................................................................ до 8 бода
- за стручни работи (анализи, информативни материјали, монографии, извештаи и сл.)..................................до 6 бода
- за други активности (организациони, манифестациони и сл. работи, помошни активности, компјутерска и друга обработка на материјали..................................до 15 бода
- за помошни и технички работи ..................................................до 3 бода

Решение за учество на лица во извршување на активностите од став 1 на овој член донесува директорот на Институтот.

***Надоместоци за вршење на вештачење или проценка***

**Член 29**

На лица вработени во Институтот кои се ангажираат како овластени вештаци или овластени проценители им се исплатува надоместок во зависност од утврдените износи за таа намена во важечките акти (тарифници и сл.), од кои 15% се издвојува за Институтот, а до 5% за Универзитетот (во согласност со Правилникот за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на Универзитетот).

Вештакот или проценителот се определува од страна на директорот со решение за секој конкретен случај, односно предмет.

Решение за исплата на надоместоците за вештакот, односно проценителот донесува директорот.

***Надоместоци за изведување настава на други факултети и научни институти на Универзитетот***

**Член 30**

Изведување настава на други факултети и научни институти во состав на Универзитетот, се регулира со договори склучени помеѓу Институтот и единиците на Универзитетот.

Надоместоците им се исплаќаат на лицата според обемот и степенот на сложеност на работниот ангажман, утврдени во согласност со актите на Универзитетот кои се однесуваат на цената на наставно-образовната дејност што се изведува на други факултети и институти.

***Надоместоци за изведување настава на други универзитети***

**Член 31**

Изведувањето настава на други универзитети се регулира со договор, во согласност со одредбите од Статутот на Универзитетот кои се однесуваат на правото на вршење дејност на друга високообразовна установа.

***Надоместоци за изведување високо – образовна дејност од страна на лица кои не се вработени на Универзитетот***

**Член 32**

На наставници, визитинг професори, пензионирани наставници, наставници на кои им мирува работниот однос поради извршување на јавни функции за кои примаат плата, истакнати стручњаци од практиката, како и на други ангажирани соработници кои повремено учествуваат во наставата, им се исплаќаат надоместоци според видот на наставата во која се ангажирани, и тоа:

-за ангажираност во наставата во текот на една учебна година.............................................................................до 96 бода;

- за ангажираност како гостин предавач ...................до 4,4 бода по час настава.

Надоместоците од став 1 на овој член се исплатуваат врз основа на поднесен извештај од страна на учесниците во изведување на наставата, одобрен од директорот.

**III.2. Стручна и административна служба**

**Член 33**

За вршење на стручни и административно технички работи поврзани со реализацијата на вториот циклус на студии, на вработените во Стручната и административната служба им се исплатува надоместок.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член и начинот на неговата распределба се утврдува со одлука, која ја донесува директорот на Институтот.

**Член 34**

На вработените во Стручната и админстративната служба (ненаставниот кадар), за извршување на админстративно-технички работи поврзани со трет циклус студии, им се исплаќаат надоместоци доколку раководењето на студиската програма од трет циклус на студии е во надлежност на Институтот.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член и начинот на неговата распределба се утврдува со одлука, која ја донесува директорот на Институтот.

## Член 35

За извршување на стручни, административни и технички работи за реализација на научноистражувачки проекти, апликативна високостручна дејност, активности за реализација на курсеви, семинари, симпозиуми, перманентно образование и сл., надоместоци се исплаќаат според финансискиот план на проектот, односно настанот.

Решение за учество на лицата од Стручната и админстративната служба на Институтот и за висината на надоместоците донесува директорот, по предлог на раководителот на проектот.

### 3. Вредност на бодот за надоместоци

## Член 36

Поединечниот број на бодови во рамките на утврдениот распон на бодовите за надоместоците го утврдува директорот со одлука, во зависност од висината на остварените приходи од соодветни извори.

Бодовите за соодветните надоместоци се утврдуваат во бруто износ.

## Член 37

Вредноста на бодот за надоместоците од членовите 21 до 35 ја утврдува директорот со посебна одлука.

## Член 38

За реализација на исплатата на надоместоците од членот 37 од оваа одлука, директорот на Институтот донесува поединечни решенија.

### IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## Член 39

Средствата за надоместоци предвидени со оваа одлука се исплатуваат во бруто – износ.

## Член 40

За се што не е предвидено со оваа Одлука се применуваат одредбите од закон, колективен договор, други прописи и акти на Универзитетот и Институтот кои ја регулираат оваа материја.

## Член 41

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Економскиот институт - Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 479/2020)

## Член 42

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетскиот гласник“.

***ДИРЕКТОР***

*д-р Зоран Јаневски*